# Почнува Фестивалот на електронската уметност

Во Музејот на градот Скопје денеска ќе почне Фестивалот за електронска уметност SEAFair 99 (Skopje Electronic Art Fair), кој ќе трае до понеделник. На изложбата што ќе биде отворена во 20 часот ќе бидат претставени 18 проекти од ворк-шопот што се одржа во минатата недела во Охрид (тема: e-Fusion: VR Web3D). Организатор е Мелентие Пандиловски, директор на Сорос-центарот за современи уметности од Скопје.

Според програмата, во Музејот на градот Скопје ќе бидат одржани предавања и презентации на проекти на одбрани уметници и ќе биде воспоставен дијалог со помош на мрежата во различни 3D-комуникациски простори. Ќе присуствуваат повеќе странски гости - Тања Фрага, Рој Аскот, Карел Дудесек, Кети Реј Хофман, Марк Рудолф и други. Последниот ден од конференцијата е резервиран за македонското интернет-списание ZAYAC и Радио 103.

- Фестивалот им дава можност на уметниците од Западна и Источна Европа да го премостат јазот меѓу себе, а Уметничкиот центар има задача да им овозможи нови изразни средства - рече Пандиловски.

Откако ќе заврши годинешниот Фестивал за електронска уметност, предвидено е да се објави каталог во кој ќе бидат застапени и претходните фестивали со сите одржани активности: предавања, проекти, изложбен дел, симпозиуми и сл.

SEAFair е замислен како след на меѓународни настани, изложби, конференции на мрежата, кои ја истражуваат креацијата и постоењето на новите медиуми и електронските уметности. Ги поттикнува дискусиите за уметничките, филозофските, образовните и други аспекти на процесите во електронската култура. Фестивалот ја промовира комуникацијата помеѓу меѓународните, регионалните и локални електронски и медиски уметници.

На работилницата во првиот дел од Фестивалот, во Охрид, имаше 20 учесници од осум земји и таа служи како теоретски и практичен вовед во креацијата на виртуелни светови и виртуелни средини. Неа ја раководеше Дарко Дисоски со помош на Горан Шлакески и Александар Колов. (О.П.)

1 октомври 1999 г.